Проектот обезбедува и работа на сите поставени светилки во општината што е најважен фактор со кој се обезбедува квалитетно јавно осветлување на теритоиријата на општина Ѓорче Петров, бидејќи граѓаните сега имаат можност преку Call центарот да пријават проблем во јавното осветлување со што за многу краток период од максимум 48 часа ќе се отстрани дефектот се разбира, ако е во рамки на проблем од прва категорија, а кој е од втрора категорија во зависност од дефектот во најбрз можен временски период со надзор над општината.

## I.2 Инвестиционо одржување и развој на системот на јавно осветлување

Во првите 7 месеци од оваа година, за одржување на системот на јавно осветлување, вон опфатот на Договорот за ЈПП, беше искористен во целост договорот со Економскиот оператор Елмонд Електро ДОО Скопје, склучен минатата 2022 година, па затоа врз основа на Програмата за одржување и развој на јавно осветлување на територија на општина Ѓорче Петров за 2023 година, во буџетот не беа предвидени дополнителни средства. При изнесување на предлогот за ребаланс на Буџетот на Општината, а врз основа на тоа што претходно потпишаниот договор беше во целост реализиран, до Советот на Општината беше истакнат Предлог за измена на програмата за одржување и развој на јавно осветлување на територија на Општина Ѓорче Петров, при што во Буџетот беа обезбедени 4.000.000 денари. Врз основа на оваа измена, беше спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка за Инвестиционо одржување и развој на системот на јавно осветлување и за истиот е склучен договор со Економскиот оператор Елмонд Електро ДОО Скопје.

## I.3 Потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување

Со оглед на високата нестабилност на цената на електричната енергија на ,референтната за нас, HUPEX берза, планирањето на средства во буџетот за оваа програма е речиси невозможно да се изврши со поголема точност. Имено во Програмата за одржување и развој на јавно осветлување на територија на општина Ѓорче Петров за 2023 година донесена од

страна на Советот на 24-тата седница со Одлука број 09-2456/13 од 28.12.2022год во буџетската програма Ј3 се предвидени 31.000.000 денари. Оваа сума беше предвидени врз основа на моменталната вредност на електричната енергија на HUPEX берзата како и врз основа на активниот договор за снабдување со електрична енергија со важност до месец мај. По спроведувањето на постапката за доделување на договор за јавна набавка и добиената најповолна понуда, беа направени повторни анализи, при што , првично планираната сума е намалена на 23.237.418,00. Согласно податоците од добиените фактури, на конто 421110 се потрошени вкупно 9.016.124,00 денари

## II. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Во врска со програмата заштита на животната средина и природата на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2023год. предвидени беа активности за подобрување на квалитетот на живеење на населението. Врз основа на анализа на реалната состојба на квалитетот на животната средина во општината како и преземање на соодветни мерки согласни со Законот за животна средина, заштита на животот и здравјето на луѓето, предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз животната средина и превземање на контролата врз активнистите кои ја загрозуваат животната средина,како и врз основа на потребите беа утврдени проектите и активностите со програмата за заштита на животна средина и природата на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2023 година.

| Ред. Бр. | Име на проект | Предвидени средства | Средства по ребаланс | Статус |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на стратешка документација ЛЕАП (2020-2026) на општина Ѓорче Петров | 308.115,00МКД - сите обезбедени од проектот за прекугранична соработка со Косово. | 0,00 | Комплетно изработен ЛЕАП-документ на општина Ѓорче Петров. Останува истиот да биде поднесен за усвојување од Совет на општина Ѓорче Петров. |
| 2. | Изработка на Зелен катастар на Град Скопје | 200.000,00 | 200.000,00 | Нереализиран |
| 5. | Подигање на нови зелени површини и хортикултурно уредување и | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | Во тек е подготовка на тендерска документација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | одржување преку проетот за почиста животна средина ,ЗА ПОУБАВО ЃОРЧЕ | | | |
| 6. | Набавка на декоративни садници и сезонски цвеќиња | 200.000 | 200.000,00 | Во тек е подготовка на тендерска документација |
| 8. | Посетување на обуки и семинари од областа на животна средина за вработените во секторот за заштита на животна средина и природата Проекти за подигање на еколошка свест кај граѓаните | 50.000 | 50.000,00 | |
| 11. | Проект-Подигање на еколошката свест во основните училишта и градинките | 100.000 | 0,00 | / |

## III. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМА ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2023год.

Целта на оваа програма е во соработка и компилација на програмата на Владата да презема мерки насочени кон промена на начините на греење на домаќинствата и сите други сектори: градежништвото, греењето на мали фирми, транспортот, уредувањето на јавните површини, заедно со зајакнувањето на капацитетите на инспекцискиот надзор и зачестени контроли во индустриските капацитети и другите правни субјекти ќе дадат најдобри резултати за решавање на проблемот.

| Ред. Бр. | Име на проект | Предвидени средства | Статус |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Проект - енергетски ефикасни домови ЕЕД | 500.000,00 | Не реализиран |
| 2. | Набавка и монтажа на фотоволтаични панели на кровот на ООУ Страшо Пинџур | 522.750,00 | Поднесена апликација, се чека одговор од донатор |
| 3. | Подршка на локални акциски групи за настани за чист воздух | 100.000,00 | Не реализиран |
| 4. | Теренски увид на градилишта | / | Тековно |
| 5. | Контрола на градежни компании и увид на планот | / | Тековно |

IV.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2023 год. (Програма ЈДА)

Во врска со програмата за подршка на ЛЕР во општина Ѓорче Петров за 2023год. предвидени беа активности за планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните приоритети, водење на локалната економска политика и подршка на развојот на МСП и претприемништвото. Исклучителчно е важно да се напомене дека од годишната програма за 2023год. реализирани се поголем дел од предвидените проекти и активности, но и други кои воопшто не биле планирани во 2022год.,како и донации.

Дополнително вредно за појаснување е дека сите износи за кофинансирање во реализација на соодветните проекти предвидени со оваа програма се реализирани од други програми кои се во надлежност на Сектор за урбанизам,инвестиции и комунални дејности. Со цел да се избегне двојно известување за исти износи за кофинансирање - и од одделението за ЛЕР и од Секторот за урбанизам, во овој Извештај се содржани информации за тоа кои проекти се прифатени за финансирање, од која институција и во кој износ, а во извештајот на Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности ќе бидат наведени точните реализирани износи на кофинансирање со буџетски средства од соодветните потпрограми соглесно потпиошаните Договори.

Ова се должи исклучиво на потребата соодветните одобрени проекти, кои во најголем процент се од областа на комуналната и патна инфраструктура, да бидат кофинансирани од соодветните буџетски програми и потпрограми кои припаѓаат во Секторот за урбанизам, инвестиции и комунални дејности, односно токму од тие причини вкупниот буџет на програмата на ова одделение за 2023год. изнесуваше 0,00МКД, а идентична е и деветмесечната реализација изразена во денари.

Одделението за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка за ЕУ и ЈПП во текот на 2023год. континуирано работеше на изработка на проектни апликации и согласно надлежностите силно е фокусирано во реализација на веќе започнатите-тековни проекти (од 2021 год. и 2022год.),но и со аплицирање до соодветни институции (домашни, меѓународни донаторски институции/институции од централна власт/амбасади/технички канцеларии), па синтетизирано статусот на работењето на ова одделение е следен:

| Бр. | Име на проект | Институција во која е поднесена паликацијата/Извор на финансирање | Проценет износ | Статус/Реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на стратешка документација ЛЕАП (2020-2026) на општина Ѓорче Петров | Проект за прекугранична соработка Косово-РСМакедонија-програма за прекугранична соработка - ИПА2 | 308.115,00МКД | Комплетно изработен ЛЕАП-документ на општина Ѓорче Петров. Останува истиот да биде усвоен од Совет на општина Ѓорче Петров. |
| 2. | Изградба на колектор на фекална канализација во должина од Л=633,33m' и ПСОВ со ЕЖ 1200 во с.Орман | Финансиран од проектот за прекугранична соработка Косово-РСМакедонија-програма за прекугранична соработка - ИПА2 | 16.732.283,67МКД од кои 12.109.538,20МКД се обезбедени од ЕУ, а 4.622.745,00МКД се обезбедени со одлука за кофинансирање бр.08-1059/5 од 07.06.2023год. Донесена од Совет на ОЃО | 0,00 од буџет на општина Ѓорче Петров |
| 3. | Изработка на Стратегија за ЛЕР (2023-2028) | Донација | 0,00 МКД | Завршена постапка на прибирање податоци и base-line на стратегијата. На почетокот од 2024год. ќе се отпочне постапка за донација на Стратегија за ЛЕР која соодветно ќе биде поднесена до Советот. |
| 4. | Креирање на регистар за МСП и НВО во општината | Сектор за економски одржлив развој, одд. за инспекциски надзор | 0,00 МКД | Во постапка на прибирање податоци |
| 5. | Информативни денови за остварување соработка со НВО | Одделение за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка од ЕУ програми и ЈПП | 0,00 МКД | Тековно во цела 2023 год. Одделението оствари средби со претставници од НВО-секторот, консултанти и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | консултантски куќи, соработници од соседни општини. |
| 6. | Обуки и работилници за искористување на средтсва од ИПАРД програма | Одделение за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка од ЕУ програми и ЈПП | 0,00МКД | Остварена работилница и јавна презентација од претставници на АФПЗРР и Влада на РСМ во дом на култура во месец Август,2023год, а со цел информирање на крајните корисници за можностите за аплицирање, критериумитре и условите наменети за физички и правни лица. |
| 7. | Проект за поставување фотоволтаици на кровот на ООУ “Страшо Пинџур”. Средства за реализација на овој проект се очекуваат од Бугарската Развојна Агенција при Амбасада на Р.Бугарија, од каде се очекува реализација (ако го одобрат проектот) во текот на 2023год. | Одделение за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка од ЕУ програми и ЈПП, реализација преку одделението за ЕЕ и програма за Чист воздух | 0,00МКД | Не е одобрен за финансирање од страна на Бугарската Развојна Агенција. |
| 8. | Аплицирање за Грант средства од Амбасада на Р.Словенија во износ од 46.100.000,00МКД наменети за спроведување мерки за енергетска ефикасност (замена на системи за греење, поставување фотоволтаични системи, замена на фасади и кровови на објекти на основни училишта и нова општинска зграда). Општина Ѓорче | Одделение за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка од ЕУ програми и ЈПП | 0,00 МКД | Сеуште не е аплицирано во оваа програма.Услов за аплицирање на овој повик е потврда од општината за веќе обезбедени 50% од вкупниот износ. Од тие причини, проектот е стопиран, и ќе биде префрлен за реализација во 2024год. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Петров нема да има никакви финансиски импликации по однос на овој проект(се работи за планирани ГРАНТ средства). | | | |
| 9. Услов за | Заем за Енергетска Ефикасност(ПСЕЕП-проект за ЕЕ на Светска Банка-кредитна линија) во износ од 46.100.000,00МКД (ова е целиот износ на проекто од кои 20% се ГРАНТ-СРЕДСТВА (9.220.000,00МКД), а 80%-се долгорочен заем во износ од 36.780.000,00МКД. За овој проект има Одлука од Совет за намера за задолжување бр.08-676/3 од 30.03.2022год. Целата постапка за задолжување ќе се отпочне во текот на месец Декември-кога се очекува потпишување Договор за задолжување, а во месец Април 2023год. би се отпочнало со реализација. Општина Ѓорче Петров нема да има никакви финансиски импликации по однос на овој проект во наредната 2023, 2024 и 2025год(се работи за заем со грејс период од 3 години). | Одделение за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка од ЕУ програми и ЈПП | 46.100.000,00МКД | Во фаза на проектирање се основните проекти во постапка која ја спроведува Светска Банка. Иницијалниот Договор помеѓу општината и Светска Банка се очекува да биде потпишан во Април, 2024год. |
| 10. | Проект: “Креативни можности за алтернативен туризам во с.Кучково” со кој е аплицирано во програма за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Косово | Одделение за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка од ЕУ програми и ЈПП | 0,00 МКД | Не е прифатен за финансирање од страна на Програмата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | во ЕУ. Вкупен износ на проектот изнесува 50.430.000 МКД,од кои за општина Ѓорче Петров се предвидени 22.632.000МКД. Општина Ѓорче Петров нема да има никакви финансиски импликации по однос на проектната имплементација. | | | |
| 11. | Средства за ко-финансирање при аплицирање на Јавниот повик за доделување средства за финансирање проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата, од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023год. | Одделение за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка од ЕУ програми и ЈПП | 0,00МКД | Повикот е отворен до крајот на 2023год. Досега не е поднесено барање. |
| 12. | Средства за кофинансирање при аплицирање на Јавен повик за финансирање проекти од обласата на Инвестиции во животната средина за 2023год и Програма за води за 2023год на МЖСПП на Македонија за проектот: "Изградба на фекална канализациона мрежа на ул.Радушка(Крак 4 L=739,31m" и Крак 5 (L=201.55m")" | Одделение за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка од ЕУ програми и ЈПП | Податоци за износот на доделени средства од МЖСПП и општинското кофинансирање по склучен Договор се соодветно претставени во извештајот за програмите од сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности. | Проектот е одобрен за финансирање од страна на МЖСПП, а фекалната канализација на Крак 5 и Крак 6 на ул.Радушка се целосно реализирани. |
| 13. | Проект: "Набавка на Дробилка за гранки, дрва и лисја од зелените јавни површини на територија на | Одделение за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка од ЕУ програми и ЈПП | / | Апликацијата е во завршна фаза и до крајот на месец Ноември ќе се поднесе барање до |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | општина Ѓорче Петров" Проект со кој ќе се аплицира во Амбасада на Германија | | | Амбасада на Р.Германија |
| 14. | Донација на 7 А3 фотоккопири за општина Ѓорче Петров | Одделение за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка од ЕУ програми и ЈПП | 393.750,00МКД е проценет износ на донацијата | Прифатена Донација од ИМПЕГНА ДООЕЛ-Скопје со Одлука на Совет бр.08-1143/7 од 09.06.2023год. |
| 15. | Донација - Кујна со острово за регионален центар за ресоцијализација на деца изклекувани од канцер-старо ОУ во с.Кучково. | Одделение за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка од ЕУ програми и ЈПП | Прифатена Донација со Одлука на Совет бр.08-574/5 од 13.03.2023год. | 200.000,00МКД е проценет износ на донацијата |
| 16. | Донација од 10 сензори за мерење на квалитет на воздух во ОЃП | Одделение за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка од ЕУ програми и ЈПП | 123.390,00МКД е проценет износ на донацијат | Прифатена Донација од компанијата Карпе Арт ДОО-Скопје со Одлука на Совет бр.08-1059/3 од 09.06.2023год. |
| 17. | Донација за целосна изведба на фазата Термотехника - систем за ладење и греење во регионален центар за ресоцијализација на деца изклекувани од канцер-старо ОУ во с.Кучково | Одделение за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка од ЕУ програми и ЈПП | 2.137.000,00МКД е проценет износ на донација согласно техничката документација од основниот проект | Прифатена донација од компанијата ЦЕНТРОКЛИМА ДОО, Увоз-Извоз Скопје со Одлука на Совет бр.08-465/9 од 28.02.2023год. |
| 18. | Потпишан Договорбр.09-4/1 од 04.01.2023год. за реконструкција на објект на старото училиште во с.Кучково и негова пренамена во Регионален центар за ресоцијализација на деца кои преживеале канцер. | Одделение за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка од ЕУ програми и ЈПП | 0,00 | Во моментов на терен во тек е реализацијата на градежните работи на старото ОУ во с.Кучково. Досега не е извршена исплата на кофинансирање од буџетски средства на општината. |
| | | | ВКУПНО: | 0,00 |

# IV. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО ЗА 2023 ГОДИНА

Програмските активности на ова одделение се вклучени во Програмите Ф2-уредување на градежно земјиште и Програма Р1-заштита на животна средина на општина Ѓорче Петров за 2023 година.

Во однос на програмските активности на одделението во областа на земјоделието, во изминатиот период реализирани се следните :

1. Контрола на каналите за наводнување и одводнување на подрачје на општина Ѓорче Петров
2. Постојан контакт со месното население и тековно решавање на проблеми поврзани со земјоделието во општината
3. Едукација на месното население за можностите на ИПАРД 3 програмата
4. Изработка на земјоделски регистар кој е во тек на изработка

Покрај програмските активности на одделението според програмата за работа за 2023год., соработникот за рурален развој е одговорен и за контрола за обработливост на земјиште, донесени врз основа на фактичката состојба на парцелата во моментот на извршениот увид на лице место.

| Вид на предмет | Вкупно поднесени барања | Позитивно решени | Негативно решени/ одбиени | Неутрално решени | Одбива странката да го подигне/во тек |
|---|---|---|---|---|---|
| Барање за обработливост на земјиште | 54 | 54 | / | / | / |

## V. ИЗВЕШТАЈ НА ОДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И УПРАВУВАЊЕ СО ЗЕМЈИШТЕ

### Управување со градежно земјиште

Извештајот се однесува на периодот од 01.01.2023година до 30.09.2023година.
Во однос на реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2023 година - нема реализација во наведениот период.
*Постапката за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост на РСМ по пат на јавно наддавање ја спроведува Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање.

Што се однесува до поднесени барања за отуѓување на градежно земјиште сопственост на РСМ со непосредна спогодба следи:

| НАДОМЕСТ ОД ПРЕДМЕТИ ПО БАРАЊА ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РСМ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА ВО 2023 ГОДИНА | |
|---|---|
| Статус | до 30.09.2023 година |
| Број на поднесени барања | 54 |
| Административна такса за поднесено барање<br><br>(1.500,00МКД со поднесување на барање) | 81.000, 00 |
| Позитивно решени барања | 25 |
| Надомест за отуѓување на градежно земјиште сопственост на РСМ | 9.389.612,00 |
| Посебни трошоци на постапката направени за отуѓување на градежно земјиште сопственост на РС Македонија со непосредна спогодба<br><br>(1.000,00 МКД по позитивно решен предмет) | 25.000,00 |
| **Вкупно прилив** | **9.495.612,00** |

| **Постапки за отуѓување на државно градежно земјиште во сопственост на РС Македонија БЕЗ НАДОМЕСТ до 30.09.2023год.** | |
|---|---|
| **Статус** | **Вкупен број Хартиени предмети** |
| Во постапка | 55 |
| Во прекин | / |
| Во Државно правобранителство на мислење | / |
| Решени до 30.09.2023год. | 8 |
| - позитивно | 0 |
| - негативно | 8 |
| По жалба/тужба | 3 |

Градоначалник
Александар Стојкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програма за јавна чистота и јавни работи на територија на општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2023 до 30.09.2023 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештај за реализација на Програма за јавна чистота и јавни работи на територија на општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2023 до 30.09.2023 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипеттата седница, одржана на ден 24.11.2023 година.

**Број 09-2393/6**
**од 24.11.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на општина Ѓорче Петров на 35-тата седница одржана на ден 23.11.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за јавна чистота и јавни работи на територија на општина Ѓорче Петров за 2023 година за период од 01.01.-30.09.2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за јавна чистота и јавни работи на територија на општина Ѓорче Петров за 2023 година, за период од 01.01.-30.09.2023 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2290/8** **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 23.11.2023 година** **Претседател,**
**Скопје** **Ленче Нелоска с.р.**

# ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# ИЗВЕШТАЈ

**за реализација на Програмата за јавни работи на територија на општина Ѓорче Петров за 2023 година (за период од 01.01.-30.09.2023 година)**

**Скопје, Ноември 2023 година**

За реализирање на Програмата за јавни работи на територија на општина Ѓорче Петров за 2023 година, заклучно со 30.09.2023 година, Општината Ѓорче Петров, превзема низа активности.

Програмските цели во тековниот период се остваруваа по приоритет, при што предност за реализација имаа оние делови од програмата кои допринесуват за подобрување на чистотата, уредување и одржување на зеленилото, чистење на локалните улици, јавни пешачки површини и тротоари и чистење на снег и мраз во зимскиот период од годината.

1. За реализирање на програмата, во просек се ангажираат 80 луѓе месечно, со тоа што дел се ангажирани за одржување на спортските објекти, 1 за одржување на водоводот во с.Кучково, луѓе се ангажирани за одржување на чистотата во општинската зграда, месни заедници , и помош во основните училишта. Останатиот број на ангажирани лица се користат за косење на зелените површини кои се под надлежност на општината, метење и празнење на кантите на територијата на општината, собирање лисја,косена трева, гранки и одржување на хигиената на тротоарите во зимски услови.

2. Потрошени финансиски средства по основ на договори на дело вклучувајќи го и персоналниот данок за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година, потрошени се вкупно 12.517.335,00 денари.

3. За сервисирање на опремата, набавка на резервни делови, како што се конец за тример, масло, глави за тримери, свекици, карвуратори гориво и слично, за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година, потрошени се вкупно 252.972,00 денари.

4. По основ за средства за хигиена, за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година потрошени се 46.850,00 денари, овие средства се користат за чистење на јавниот тоалет во паркот, салата Христо Батанџиев, салата во ООУ Јоаким Крчовски и слично.

5. За време на наведениот период се искосени голем број на зелени јавни површини, како дворовите на основните училишта и детската градинка. Се работи констатно со 5 тримери и повремено се користени тракторите за косење за стадионот во Волково, се вкупно за наведениот период е искосена вкупно околу 62.000 м2 јавни површини и потрошено е конец за тример 27.000 м ( 27 котури ).

6. За време на зимскиот период се одржува чист мостот кој води кон населбата Даме Груев, со тоа што имавме дежурни работници на пунктот кој редовно истураа сол за да не дојде до заледување, во тој период имавме и интервенции за отстранување на паднати дрва, одрони по локалните патни правци накај село Кучково и село Никиштани и редовно се чистеше патот кон овие населени места заедно со камионот за посебни намени за чистење на снег во сопственост општината.

Градоначалник
Александар Стојкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програма од областа на образованието на општина Ѓорче Петров**
**за период од 01.01.2023 до 30.09.2023 година**

Се објавува Одлуката за Извештај за реализација на Програма од областа на образованието на општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2023 до 30.09.2023 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипеттата седница, одржана на ден 24.11.2023 година.

**Број 09-2393/7**
**од 24.11.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на општина Ѓорче Петров на 35-тата седница одржана на ден 23.11.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите од областа на образованието во општина Ѓорче Петров за 2023 година за период од 01.01.-30.09.2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за активностите од областа на образованието во општина Ѓорче Петров за 2023 година, за период од 01.01.-30.09.2023 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2290/9**
**Од 23.11.2023 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# ИЗВЕШТАЈ

## за реализација на Програмата од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2022 до 30.09.2023година

Скопје,

# I. ВОВЕД

Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2022 до 30.09.2023година.

Извештајот ги вклучува реализираните активностите, времето на реализација, целите и резултатите на активноста и реализираните финансиски средства сумативно и поединечно за секоја активност планирана во програмата.

Активностите од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров беа насочени кон подобрување на квалитетот на образованието и условите за работа во основните училиштата.

За реализирање на активностите од Програмата од областа на образованието за 2023 година, Општина Ѓорче Петров ги превзема сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.

# II. РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Со реализираните активности од Програмата на Општината Ѓорче Петров од областа на основното образованието се унапреди квалитетот и условите за работа во основните училиштата, се креираа образовни политики согласно локалните потреби за развој на образовниот процес.

Општината Ѓорче Петров обезбеди еднаков пристап до квалитетно образование и еднакви услови за одвивање на наставниот процес.

Реализирани се наставниот план и програмата како и вонанаставните активности во основни училишта. Наставниот процес во општинските основни училишта се одвиваше непречено. Почетокот на учебната 2022/2023 година започна со физичко присуство на сите ученици.

Обезбеден е квалитетен интернет пристап за сите основни училишта. Креирана е стимулативна средина за учење преку опремувањето на кабинетите по природни науки. Учениците се мотивирааат преку доделување на награди и признанија за постигнатите високи резултати во областите за кои покажуваат интерес.

Толеранцијата, соживотот и мултикултуралност, родовата еднаквост, екологијата, безбедноста во сообраќајот се стимулираат преку вонаставни активности и соработка со НВО.

# III. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во период од 01.01.2023год. до 30.09.2023год. реализирани се следниве активностите од Програмата за образование 2023 година:

| | ОПИС НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ОД ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2023 ГОДИНА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| бр. | **Име на Програма /активност** | **Спроведувач/ Носител (сектор/одделение) Проектен тим (меѓусекторски)** | **Извор на финансирање (буџет ОЃП/ програми на Влада /Донатор)** | **Временска рамка** | **Реализирани финансиски средства од Буџето** | **Планирани финансиски средства од Буџетот** |
| 1. | Упис на првачиња во основните училишта | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | август септември | | 270.000,00 |
| 2. | Обезбедување на интернет пристап за сите основни училишта | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | 12 месеци | 163.800,00 | 410.000,00 |
| 3. | Креирање на стимулативна средина за учење<br>Опремување на училиштата со наставни помагала, нагледни средства, дидактички матерјали и информатичко-комуникациска технологија, опрема на кабинетите за предметна со настава, зголемување на библиотечниот фонд и др | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | наставна година | | 180.000,00 |
| 4. | Креирање воннаставни активности<br>(Планирање на заеднички воннаставни активности на сите основни училишта)<br>-Литературни и ликовни конкурси;<br>-Општински квизови на знаење;<br>-Детска ликовна колонија;<br>- Априлијада-детски маскенбал<br>-Посета на концерти, театри, музеи, | | | | | 430.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | природонаучни установи и сл.;<br>-Општински хор и оркестар.<br>-Театарски претстави, гостување на актери по повод празници и значајни денови на општината (Нова година, денот на планетата земја)<br>- Одбележување на денот на општината | | | | | |
| 5. | Награди и признанија на талентирани и надарени ученици и наставници од основните училишта за денот на општината, согласно Правилникот за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во Општина Ѓорче Петров | Одделение за јавни дејности<br>Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца | Буџет на Општина Ѓорче Петров | мај-септември | 60.000,00 | 100.000,00 |
| 6. | Поддршка на учениците и наставниците за организација на училишни и општински натпревари и учество на регионални, државни и меѓународни натпревари, согласно Правилникот за условите и начинот за доделување на финансиски средства за поддршка на жителите на Општина Ѓорче Петров<br>од областа на јавни дејности-образование | Одделение за јавни дејности<br>Комисија за доделување на финансиски средства | Буџет на Општина Ѓорче Петров | тековно | | 90.000,00 |
| 7. | "Здрава храна за здрави деца" -Бесплатна ужинка или појадок на учениците во I одделение во основните училишта | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | јануари-јуни и септември - декември | 1.167.305,00 | 1.600.000,00 |
| 8. | Консултативни и други услуги во основните училишта. | Одделение за јавни дејности<br>Одделение за човечки ресурси | Буџет на Општина Ѓорче Петров | наставна година | 384.081,00 | 576.000,00 |
| 9. | Подршка и партиципација во надворешни | Одделение за јавни | Партиципација | наставна | | 230.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | проекти (МИО, екологија, безбедност во сообраќај, инклузија на деца со посебни потреби, спорт и млади, родова еднаквост и сл) | дејности | од проекти | година | | |
| | | | | | | |
| | **Вкупно** | | | | 1.775.186,00 | 3.886.000,00 |

| | Активност/позиција | Транспорт на луѓе (ученици, наставници) | Прехрамбени продукти и пијалоци | Наставно образовни помагала | Училишни матерјали | Други матерјали | Информатичка опрема | Интернет претплата | Услуги за печатење, копирање и издавање | Други договорни услуги | Други оперативни расходи | Средства за хигиена | Трансфер на средства до основните училишта | Други трансфери | Трансфер до НВО | Реализирани активности | Вкупно планирано по активност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Упис на прваčиња во основните училишта** | | | | | | | | | | | | | | | | 270.000 |
| 2 | **Обезбедување на интернет пристап за сите основни училишта** | | | | | | | 163.800,00 | | | | | | | | 163.800,00 | 410.000 |
| 3 | **Креирање на стимулативна средина за учење** Опремување на училиштата со наставни помагала, нагледни средства, дидактички матерјали и информатичко-комуникациска технологија, опрема на кабинетите за предметна со настава, зголемување на библиотечниот фонд и др | | | | | | | | | | | | | | | | 180.000,00 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4** | **Креирање вонnаставни активности** | | | | | | | | | | | | | | | | 430.000 |
| | (Планирање на заеднички воннаставни активности на сите основни училишта)<br>-Литературни и ликовни конкурси;<br>-Општински квизови на знаење;<br>-Детска ликовна колонија;<br>- Априлијада-детски маскенбал<br>-Посета на концерти, театри, музеи, природонаучни установи и сл.;<br>-Општински хор и оркестар.<br>-Театарски претстави, гостување на актери по повод празници и значајни денови на општината (Нова година, денот на планетата земја)<br>- Одбележување на денот нана општината | | | | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | **Награди и признанија на талентирани и надарени ученици и наставници** од основните училишта за денот на општината, согласно Правилникот за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во Општина Ѓорче Петров | | | | | | 60.000 | | | | | | | | | 60.000,00 | 100.000,00 |
| 6 | **Поддршка на учениците и наставниците** за организација на училишни и општински натпревари и учество на регионални, државни и меѓународни натпревари, согласно Правилникот за условите и начинот за доделување на финансиски средства за поддршка на жителите на Општина Ѓорче Петров од областа на јавни дејности-образование | | | | | | | | | | | | | | | | 90.000 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | **"Здрава храна за здрави деца"** - Бесплатна ужинка или појадок на учениците во I одделение во основните училишта | | | | | | | | | | | | 1.167.305,00 | | | 1.167.305,00 | 1.600.000,00 |
| 8 | **Консултативни и други услуги во основните училишта** | | | | | | | | | 384.081,00 | | | | | | 384.081,00 | 576.000 |
| 9 | **Подршка и партиципација во надворешни проекти** (МИО, екологија, безбедност во сообраќај, инклузија на деца со посебни потреби, спорт и млади, родова еднаквост и сл) | | | | | | | | | | | | | | | | 230.000 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | **Вкупно** | | | | | | 60.000,00 | 163.800,00 | | 384.081,00 | | | 1.167.305,00 | | | **1.775.186,00** | **3.886.000.00** |
| | **Активност/позиција** | **Транспорт на луѓе (ученици, наставници)** | **Прехрамбени продукти и пијалоци** | **Наставно образовни помагала** | **Училишни материјали** | **Други материјали** | **Информатичка опрема** | **Интернет претплата** | **Услуги за печатење, копирање и издавање** | **Други договорни услуги** | **Други оперативни расходи** | **Средства за хигиена** | **Трансфер на средства до основните училишта** | **Други трансфери** | **Трансфер до НВО** | **ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНО** | **Вкупно по активност** |

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Активностите од областа на основното образование утврдени со оваа програма се во вкупен износ од **3.886.000.00**денари и ќе бидат финансирани од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година.

Во период од 01.01.2023 до 30.09.2023 реализирани се **1.775.186,00**

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ѓорче Петров.

Градоначалник
Александар Стојкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програма за активностите на општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за период од 01.01.2023 до 30.09.2023 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештај за реализација на Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за период од 01.01.2023 до 30.09.2023 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипеттата седница, одржана на ден 24.11.2023 година.

**Број 09-2393/8**
**од 24.11.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на општина Ѓорче Петров на 35-тата седница одржана на ден 23.11.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите од областа на културата и подршката на невладиниот сектор во општина Ѓорче Петров за 2023 година**
**за период од 01.01.-30.09.2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за активностите од областа на културата и невладиниот сектор во општина Ѓорче Петров за 2023 година, за период од 01.01.-30.09.2023 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2290/10** **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 23.11.2023 година** **Претседател,**
**Скопје** **Ленче Нелоска с.р.**

# ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# ИЗВЕШТАЈ

## за реализација на програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за период од 01.01.2023 до 30.09.2023 година

Скопје,  ноември 2023 година

## I. Вовед

Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор и ги вклучува реализираните активности за периодот од 01.01.2023 г. до 30.09.2023 г.

Активностите од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор беа насочени кон негување на фолклорот, обичаите, музиката и други културни вредности, организирање културни манифестации и одбележување на значајни историски настани, верски и државни празници. Културните манифестации подразбираат и дружење со граѓаните, но и зближување на граѓаните со работата на општината, како и поттикнување и мотивирање за нивно учество во спортски, образовни, културни и забавни манифестации. Преку разновидната програма за култура овозможуваме како општина пред сѐ збогатување на културниот живот, ширење на музичката и балетската култура.

## II.Реализирани активности

Во текот на 2023 година, од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор до 30.09.2023 година се реализирани следните активности:

### 1.Организирање на културни манифестации

-Изложба на фотографии и концерт со лица со интелектуална попреченост од ЦПЛИП „Порака" и ученици со типичен и атипичен развој од основните училишта во Општина Ѓорче во Центарот за култура за концерт „ Ние , луѓето " на ден 4 ноември 2023 година.

- Изложба „Синестетички релации" 2- 14 ноември на која беа изложени дела (керамики, слики и објекти) и видео проекција изготвени од двајцата уметници, жители на Ѓорче чие студио „Керакамика" за изработка на уметнички предмети и одржување работилници од областа на керамиката веќе неколку години успешно егзистира на територијата на општината (текст во прилог)

-Ликовна колонија со учество на ученици од ООУа

-Поддршка на манифестацијата *Златен вез*

-Поддршка на манифестацијата *Од Бистра преку Дервен до Ханриево*

## 2.Поддршка на установи и НВО од областа на културата

- Поддршка на програмата на КУД *Григор Прличев*
- Поддршка на програмата на ЕФЗ *Седум осмини*
- Поддршка на програмата Ансамбл *„ Ѓорче Петров"*
- Поддршка на АКУД *Мирче Ацев*
- Фолклорен ансамбл *ЕТНОС*
- Поддршка на Центарот за изведувачки уметности и едукација Театар *Пи*
- Танцов спортски клуб *Бранимир и Бранкица*
- *Гоце Фест*
- Балетско студио *Ребис- К*
- Театар *Колозов*
- Театар *Златен Елец*
- Поддршка на автори-творци поединци во областа на културата (Промоција на Алманах *Хероите на Македонија* со поезија од група автори посветена на македонските херои - Здружение *Хуманитарно Културен ФЕНИКС*
- Поддршка на НВО,физички лица и институции од областа на културата и творештвото
- Поддршка на Мијата, Наташа Крстевска за издавање на нов албум

III Рекапитулар на потрошени финансиски средства

За реализација на горенаведените активности од Програмата за култура и поддршка на невладиниот сектор за 2023 година за период од 01.01.-30.09.2023 година, во текстот подолу даден е детален преглед за сите потрошени средства и тоа:

**1. Прослава на Водици**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | По повод големиот христијански празник Богојавление – Водици, традиционално се одржа положување на светиот крст во водите на реката Вардар на Железниот мост во населба Хром и во водите на реката Лепенец во Волково<br>*Мотивирање на женската популација за вклучување во настанот. |
| **Главна цел:** | Целта на активноста е одбележување големиот христијански празник Богојавление – Водици и негување на македонската традиција |
| **Време на реализација** | 19 јануари |
| **Носител на активноста** | Протокол/Сектор за поддршка на градоначалник |
| **Очекувани резултати:** | Афирмација на овој традиционален настан и почитување на културните вредности, обичаи и народни верувања<br>Активно и масовно вклучување на граѓаните во овој традиционален настан, особено помладите генерации<br>Зголемено учество на жените во настанот |
| **Предвидени финансиски средства:** | Други оперативни трошоци **50.000 ден.** |
| **Потрошени финансиски средства** | / |
| **Останати финансиски средства** | **Вкупно** **50.000 ден.** |

## 2.Прослава на Св.Трифун

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Овој христијански празник – Св.Трифун, во Општината традиционално се одбележа во малата црква во с.Кучково каде што градоначалникот и верниците присуствуваа на традиционалната централна манифестација на закројување на лозјата и овошките. |
| **Главна цел:** | Целта на активноста е одбележување на христијанскиот празник Св. Трифун и негување на македонската традиција. |
| **Време на реализација** | 14 февруари |
| **Носител на активноста** | Сектор за поддршка на градоначалник /Протокол |
| **Резултати:** | Активно и масовно вклучување на граѓаните и граѓанките во одбележување на верскиот празник |
| **Предвидени финансиски средства:** | Други оперативни трошоци 25.000 ден. |
| **Потрошени финансиски средства** | / |
| **Останати финансиски средства** | **Вкупно 25.000 ден.** |

## 3. Одбележување на верскиот празник Василица

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Одбележување на овој голем христијански празник – Василица |
| **Главна цел:** | Целта на активноста е одбележување на христијанскиот празник Василица и негување на македонската традиција. |
| **Време на реализација** | 14 јануари |
| **Носител на активноста** | Сектор за поддршка на градоначалник /Протокол |

| | |
|---|---|
| **Резултати:** | Активно одбележување на верскиот празник и негување на македонската традиција. |
| **Предвидени финансиски средства:** | Други оперативни трошоци **30.000,00 ден.** |
| **Потрошени финансиски средства** | Други оперативни трошоци 30.000,00 ден. |
| **Останати финансиски средства** | **Вкупно** / |

**4. Прослава на верскиот празник Св.Сава**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Поддршка за одбележување на овој голем национален празник на српската заедница во Македонија |
| **Главна цел:** | Одбележување на Св.Сава, национален празник на српската заедница во Македонија, поттикнување и развој на соработка, негување добри односи и меѓусебна почит помеѓу македонскиот и српскиот народ |
| **Време на реализација** | 27 јануари |
| **Носител на активноста** | Сектор за поддршка на градоначалник/Протокол |
| **Резултати:** | Одлична соработка, негување добри односи и меѓусебна почит помеѓу македонскиот и српскиот народ |
| **Предвидени финансиски средства:** | Други оперативни трошоци 30.000 ден. |
| **Потрошени финансиски средства** | / |
| **Останати финансиски средства** | **Вкупно** **30.000 ден.** |

***<u>Одбележување на државни и општински празници во 2023 година</u>***

## 5. Одбележување на државни празници

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Градоначалникот, Делегација од општинската администрација, Советот на општината, невладини организации, општински училишта, градинката, делегации од партии и невладини организации, **положуваат свежо цвеќе** и оддаваат почит.<br>-2 април (Ден на раѓањето на Ѓорче Петров)<br>-8 април ( Меѓународен ден на Ромите)<br>-9 Мај ( Денот на победата против фашизмот)<br>-24 Мај ( Ден на Св. Кирил и Методиј)<br>-28 јуни (Годишнина од погибието на Ѓорче Петров)-<br>- 8 септември (Ден на независноста)<br>-11 Октомври (Ден на народното востание)<br>-23 Октомври (Ден на македонската револуционерна борба)<br>-13 ноември/ 14 ноември (Ден на ослободување на Скопје и Ѓорче Петров)<br>-8 декември (Ден на Св. Климент Охридски)<br>- <u>положување цвеќе и по повод празници, манифестации и активности на градоначалникот кои не се дел од програмата за култура</u> |
| **Главна цел:** | *Одбележување на државни празници, зачувување и негување традицијата, истакнување на значајни историски настани, како и поттикнување на патриотскиот дух кај граѓаните и љубов кон татковината.<br>*Оддавање почит и негување на споменот за загинатите борци кои храбро загинале за слободата на нашата земја.<br>*Родов баланс во делегациите за полагање цвеќе. |
| **Време на реализација:** | тековна активност |
| **Носител на активноста:** | Сектор за поддршка на градоначалник /Протокол |
